ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

БИЛТЕН

БРОЈ 09/26

15.06.2026 година

Р Е Ф Е Р А Т

За избор на наставник во сите наставно-научни звања по група стручно – уметнички предмети од областа Ликовна / визуелна уметност (6.04.00.01 - Фраскатиева класификација) на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет, Скопје

Наставно-научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет – Скопје повика седница бр.274 на 19.05.2026 година, во врска со конкурсот објавен во дневниот весник ,,Вечер" од 21.05.2026 година, со Одлука бр. 02-413/1 од седница бр. 275 на 01.06.2026 формира Рецензентска комисија за избор на **наставник во сите наставно-научно звања по група стручно – уметнички предмети од областа Ликовна / визуелна уметност (6.04.00.01 - Фраскатиева класификација) – 1 извршител** - во состав: редовен професор м-р Благојче Наумоски - претседател, редовен професор д-р Славица Јанешлиева – член, и редовен професор д-р Гордана Вренцоска - член.

На распишаниот конкурс за избор на **наставник во сите наставно-научно звања по група стручно – уметнички предмети од областа Ликовна / визуелна уметност (6.04.00.01 - Фраскатиева класификација)** се пријави кандидатката **м-р Ана Трајковска**. Кандидатката, согласно распишаниот конкурс, достави: Пријава по конкурс, Биографија со соодветни податоци, Уверение за завршен 1 циклус студии, Уверение за завршени студии од 2 циклус, Диплома за стекнат степен/назив магистер, Уверение за државјанство и Извод, Доказ за познавање на странски јазик, награди и пофалници од областа на уметноста, Портфолио со објавени уметнички, стручни дела.

По разгледување на поднесените документи на кандидатката, Рецензентската комисија до Наставно – научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при ЕУ - Скопје, го поднесува следниот:

И З В Е Ш Т А Ј

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Ана Трајковска е родена на 31.07.1995 година во Скопје, Република Северна Македонија.

Образование

2019 – 2021 Магистер на факултетот за ликовни уметности Скопје – Графика *Факултет за ликовни уметности, Скопје Ментор: проф. м-р Зоран Јакимовски*

2014 – 2018 Дипломиран графичар – Графика / Конзервација и реставрација
Факултет за ликовни уметности, Скопје | Ментор: проф. м-р Зоран Јакимовски

2023 Педагошка доквалификација
Педагошки факултет Св. Климент Охридски, Скопје

2023 Обука за графички дизајн
Нетминг ДООЕЛ, Скопје

2019 Обука за конзервација и реставрација на хартија
НУБ Св. Климент Охридски, Скопје

2010 – 2014 Средно образование – Ликовна уметност
ДСУЛУД Лазар Личеноски, Скопје

Компјутерски вештини

Компјутерски образована во следните програми: Microsoft Office, Word, Excel, Powerpoint, Adobe Illustrator, Adobe Photoshop, Adobe InDesign

Јазици

Македонски, англиски

2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

2025 Асистент по стручно-уметнички предмети од областа на Ликовна уметност на Европски универзитет, Факултет за арт и дизајн во Академската 2025 / 2026 година.

Предмети:
Цртање, Техники на цртање, Сликање, Моделирање, Фотографија, Дизајн анализа, Ликовно обликување, Сценографија, Графички 1 и 2.

Во рамките на своите наставни обврски, кандидатката м-р Ана Трајковска активно учествува во формирањето на ликовно-уметничките компетенции на студентите преку примена на современи педагошки методи. Нејзиниот пристап кон наставата се одликува со интегрирање на теоретски и практични содржини, со посебен акцент на развивање на критичкото мислење и индивидуалниот уметнички израз кај студентите. Во рамките на предметите кои ги изведува, кандидатката применува разновидни наставни форми: индивидуална корекција, групна анализа на работи, и дискусии.

Особено значајна е нејзината улога во организација на студентски изложби и јавни презентации на работи, со кои се надополнува образовниот процес и студентите се воведуваат во реалниот уметнички живот. Кандидатката активно соработува со останатите членови на наставниот кадар на Факултетот за арт и дизајн при реализацијата на заеднички проекти, работилници и манифестации, придонесувајќи кон квалитетот на наставниот процес во целина.

Педагошката доквалификација стекната на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ при УКИМ во Скопје претставува формален доказ за оспособеноста на кандидатката за изведување на наставни активности на академско ниво, и е во согласност со барањата утврдени со Законот за високото образование. Оваа доквалификација ги покрива методиката на наставата, педагошката психологија и дидактичките принципи, кои непосредно се применуваат во секојдневната педагошка работа со студентите.

2026 Ментор по цртање и сликање (приватни часови) АртХаб, Скопје

2022-2025 Надворешен соработник Факултет за арт и дизајн, Европски универзитет, Скопје

2022 – 2023 Ментор по цртање и сликање (приватни часови) Џолев и уметностите / Скала, Скопје

2014 – 2019 Инструктор по цртање и сликање НГО Арт Студио, Скопје

3. СТРУЧНО-ПРИМЕНЕТА ДЕЈНОСТ

2023 – 2026 Секретар на ДЛУМ Друштво на ликовни уметници на Македонија, Скопје

2021 Уметник-скулптор на филмски сет Најсреќниот човек на свет - игран филм, реж. Теона С. Митевска

2020 – 2021 Основач и раководител на приватно ателје Партизан принт, Скопје

4. СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ

Самостојни изложби

- 24.09.2025 Системска кршливост
  со Доротеј Нешовски | НГМ, Објект Мала станица, Скопје

- 2025 Самостојна изложба преку Креарт
  Културно-информативен центар, Скопје

- 07.11.2024 Експериментални графики
  со Јана Луловска | Француски институт, Скопје

- 20.09.2023 Flux – Revelations
  со Ивана Самандова | КИЦ – Културно информативен центар, Скопје

- 2023 Тоа е тоа што е
  Центар за култура, Струга

- 10.11.2022 FLUX
  со Ивана Самандова | Отворено Графичко Студио, Скопје

- 3.09.2021 Самостојна изложба
  БОШ Фестивал 13

- 29.4.2021 Сгно и бело
  НУЦК Трајко Прокопиев, Куманово

- 22.12.2020 Трансфигурации
  МКЦ, Скопје

- 2020 Дијалог во карантин
  Градски парк, Скопје

- 2019 Дијалог
  со Ива Станковска | НУЦК Никола Јонков Вапцаров, Делчево

Групни изложби

- 2026 Номиниран финалист за награда Денес, изложба во Сули ан на 02.10.2026

- 2026 Учесник на ,,Комшилоок" – групна изложба на автпри во населба Железара, Скопје

- 2026 Учесник – Галерија под отворено небо Велес, општина Чашка, Јубилејна изложба 3 години постоење на галеријата

- 2025 Професори и студенти, Групна изложба на Професори и студенти во МКЦ како претставник на ЕУРМ

- 2024 Куратор и носител – Цртај на македонски јазик, Групна изложба на млади автори во соработка со ДЛУМ | АРТ ХАБ, Скопје 2024

- Зимски Салон ДЛУМ – Интимност и интерконекција
  Чифте Амам, Скопје

- 2023 Селектирана авторка за VR Studio PrivatePrint, Скопје

- 08.07.2023 Куратор и учесник – Просторни реадаптации 2.0 Кеј на Вардар, Скопје

- 2023 Учесник – Femina vs Femininologija Национална галерија, Мала станица, Скопје 2023 Учесник – 14-то Биенале на млади автори МСУ, Скопје 2023

- Професори и студенти Групна изложба на Професори и студенти во МКЦ како претставник на ЕУРМ

- 2023 Учесник – Галерија под отворено небо Велес, општина Чашка

- 28.12.2022 Учесник – Ретроспектива 50 години МКЦ МКЦ, Скопје

- 24.11.2022 Учесник – Под земја полесно се дише Скопје

- 2022 Изработка на мурал – Цртај на македонски јазик ОУ Коле Неделковски, Скопје

- 2022 Учесник – Skopje Light Art Festival 2022 Градски парк, Скопје

- 01.10.2022 Учесник – Бела Ноќ, Градски парк, Скопје

- 21.11.2022 Учесник – Not Your Toy Монтажна галерија, Скопје

- 08.07.2022 Учесник – Просторни реадаптации 1 Кеј на Вардар, Скопје

- 15.04.2022 Учесник – Поместени граници ДЛУМ, Министерство за култура, Скопје

- 28.06.2021 Носител на графичка работилница – Урбани печати Кафе-книжарница Буква, Скопје

- 4.04.2021 Организатор и координатор на групна изложба МКЦ галерија 1, Скопје

- 2021 Учесник – XIII Биенале на млади уметници Музеј на современа уметност, Скопје

- 25.09.2021 Учесник – Бела Ноќ, Скопје

- 16.10.2021 Учесник – Патерн КСП Центар – Јадро, Скопје

- 09.11.2021 Учесник – 31-ва ликовна колонија во Галичник Мала станица, Скопје

- 29.06– 06.07.2021 Резиденцијален престој за визуелни уметници Организирано од ХОПС

- 20.02– 20.03.2021 Работилница за ментално здравје За млади 14–18 год. | Партизан принт, Скопје

- 26.09.2020 Учесник – Бела Ноќ Ибни Пајко / кровот на ГТЦ (ДЛУМ), Скопје
- 2020 Учесник – Ex Libris Skopje
- 2020 Учесник – 31-ва ликовна колонија во Галичник Скопје
- 2020 Учесник – На работ, Галерија Акантус, Скопје
- 2020 Учесник – изложба на новата генерација 2017–2020 ДЛУМ / Арт Хаб галерија, Скопје
- 04.05.2020 Уметник на неделата, Телевизија Телма – 90 минути
- 2019 Учесник – Young Art, Музеј на град Скопје
- 2019 Учесник – Цртаме акт, ShortBus, Скопје
- 2019 Учесник – Графичко триенале -Графичка работилница Софија, Музеј на град Скопје
- 2019 Учесник – The Present МКЦ, Скопје
- 2019 Соработник на проектот АдаН во градот на огнот, Нада Прља, Скопје
- 2019 Организатор и координатор – Ars longa vita brevis Генерациска изложба на генерацијата '95 | Галерија на ДСУЛУД Лазар Личеноски, Скопје
- 2019 Работилница Слободно сликање и цртање Студентска конференција Разменуваме знаења, Филозофски факултет, Скопје
- 2018 Интернационално Графичко Биенале, Музеј на Град Скопје
- 2018 Тактилна изложба – Меѓународен ден на толеранцијата Музеј на Македонија, организирано од Аксиос
- 2018 Изложба на графики, Музеј на Македонија, организирано од Аксиос
- 2018 Организатор – Светлината во нас , Libraria e Carshise, Скопје
- 2018 Соработник на проектот Бесконечност -Петре Николоски
- 2017 Учесник – Биенале на мала графика Тетово
- 2016 Учесник – ОСТЕН Биенале на цртеж Скопје
- 2016 Учесник – Во чевлите на бегалците Семинар и мултимедијален уметнички проект

5. МЕЃУНАРОДНИ ИЗЛОЖБИ И РЕЗИДЕНЦИИ

- 2024 **7-ми меѓународен Art Open Air**
  Чаплинек, Полска – групна изложба / ликовна колонија

- 2024 **Уметнички симпозиум и изложба**
  Македонски културен центар, Истанбул, Турција

- 2024 **Уметнички симпозиум и изложба**
  Болу, Турција

- 23.08.2023 **Open Studio Day – Cité des Arts**
  со Јана Луловска | Париз, Франција

- 03–28.08.2023 **Резиденцијален престој**
  Cité des Arts, Париз – одобрено преку Министерство за култура

- 2023 **Изложба на дела (резиденција Rise of Women)**
  Брисел, Белгија

- 2023 **Femina vs Femininologija**
  Групна изложба со хрватски авторки | Загреб, Хрватска

- 19–25.01.2023 **Резиденцијален престој**
  Cultart Academy, Виена, Австрија

- 24–31.07.2022 **Феминистичка ликовна колонија**
  Сиќево, Ниш, Србија – со изложба

- 03–18.05.2022 **Меѓународна резиденција Rise of Women**
  Задар, Хрватска

- 2019 **20-то Биенале на графика**
  Варна, Бугарија

- 2019 **Меѓународна графичка работилница Софија**
  Со изложба во НУ Центар за култура, Битола и Богданци

- 2018 **Меѓународна изложба Ex Libris**
  Скопје

- 2018 **Меѓународна графичка работилница Софија**
  Со изложба во НУ Центар за култура, Битола

- 2019 **World Artists for Venice**
  Донирано дело

6. НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

- **2026 Номиниран финалист за награда Денес, изложба во Сули ан на 02.10.2026**
- **Награден млад уметник на годината за 2025 година Остен галерија, Скопје**
- **Финалист на Остен Биенале на Цртеж 2024**
- **Награда за најдобра графика Агенција за млади и спорт на Република Северна Македонија, 2022**
- **Награда на ДЛУМ за изложбата Нови енергии Арт Хаб, Скопје, 12.11.2022**

7. РЕЦЕНЗИЈА

По согледување на доставената документација на кандидатката, Рецензионата комисија заклучува дека:

Врз основа на приложената биографија од страна на кандидатката, се забележува дека има повеќегодишно образование од областа на ликовната уметност и дизајнот, има искуство во наставно-образовната дејност на високото образование како асистент по Ликовна уметност, нејзината забележителна уметничка дејност во областа на визуелните уметности и уметничка графика, остварена преку бројни самостојни и групни изложби во земјата и странство; како и искуството во областа на уметничкиот менаџмент, кои ја потврдуваат нејзината професионална определба и кредибилитет. Кандидатката својата едукативна едукација ја надополнила со педагошка доквалификација на Педагошкиот факултет „Св.Климент Охридски“ при универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје. Оваа педагошка доквалификација е важна за успешна реализација на наставните активности на Факултетот за арт и дизајн.

Од нејзиното творечко портфолио се истакнуваат креативноста, одличните цртачки владеењето со обработка и моделирање на формите, работата со различни видови на материјали и техники, како во областа на ликовната уметност, така и во областа на графичкиот и визуелниот дизајн. Комисијата смета дека кандидатката е способна успешно да ги пренесе своите вештини и знаења во изведувањето и спроведувањето на наставната дејност.

Рецензентската комисија посебно ја истакнува меѓународната димензија на уметничката дејност на кандидатката, реализирана преку учество на бројни меѓународни изложби, симпозиуми и резиденцијални престои. Резиденцијалниот престој во Cité des Arts во Париз, одобрен преку Министерството за култура на Република Северна Македонија, претставува особено значајна референца која ја потврдува меѓународната препознатливост на нејзиниот уметнички израз. Покрај тоа, учеството на меѓународни уметнички симпозиуми во Истанбул и Болу, Турција, резиденцијалниот престој во Виена преку Cultart Academy, феминистичката ликовна колонија во Сиќево, Ниш, и резиденцијата Rise of Women во Задар, Хрватска, укажуваат на активна вклученост во меѓународниот уметнички дискурс и изграден профил на современа визуелна уметница со широко регионално и европско присуство.

Во доменот на наградите и признанијата, Рецензентската комисија со особено внимание ја забележува титулата Награден млад уметник на годината за 2025 година, доделена од Остен галерија, Скопје, која претставува официјална институционална потврда за уметничкиот придонес на кандидатката. Исто така, номинацијата и статусот финалист на Остен Биенале на Цртеж 2024, Наградата за најдобра графика доделена од Агенцијата за млади и спорт на Република Северна Македонија (2022), Наградата на ДЛУМ за изложбата „Нови енергии“ (2022), како и номинацијата за наградата Денес со изложба во Сули ан во 2026 година, дополнително ја потврдуваат квалитетот и континуитетот на нејзиното уметничко творештво.

Во врска со стручно-применетата и менаџерската дејност на кандидатката, Рецензентската комисија посебно го истакнува нејзиното ангажирање во улога на секретар на Друштвото на ликовни уметници на Македонија (ДЛУМ) во период од 2023 до 2026 година, кое подразбираше организациски, административни и претставнички задачи. Ова искуство ја потврдува оспособеноста на кандидатката за работа во институционален контекст и нејзиниот придонес кон организираниот уметнички живот во земјата. Паралелно, нејзиното долгогодишно искуство во педагошка работа — реализирано уште од 2014 година преку различни форми на настава и едукативни активности — претставува вредна основа за академско-педагошка дејност на факултетско ниво.

Во поглед на образовниот профил на кандидатката, Рецензентската комисија констатира дека просечниот успех од 9,60 на прв циклус и 9,90 на втор циклус студии одразува исклучителна академска посветеност и интелектуален капацитет. Менторирана од проф. м-р Зоран Јакимовски на Факултетот за ликовни уметности при УКИМ, институција со долгогодишна традиција во образованието на ликовни уметници во Македонија. Кандидатката се профилирала во областа на уметничката графика, со дополнителна специјализација во конзервација и реставрација. Оваа мултидисциплинарна образовна основа е од посебна вредност за наставата по разновидните стручно-уметнички предмети предвидени во студиските програми на Факултетот за арт и дизајн.

8. КОНСТАТАЦИЈА

Според записот од рецензијата **се констатира** дека на објавениот конкурс конкурирала кандидатка со биографија во која се потврдува следново:

- кандидатката дипломирала на Факултетот за ликовни уметности при УКИМ Скопје и се стекнала со назив Дипломиран графичар со конзервација и реставрација;
- кандидатката магистрирала на Факултетот за ликовни уметности при УКИМ Скопје, со што се стекнала со назив Магистер по ликовни уметности од област графика, 60 ЕКТС;
- кандидатката остварила просечен успех од 9,60 на првиот, и 9,90 на вториот циклус студии;
- кандидатката има педагошка доквалификација на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје при универзитетот „СВ. Кирил и Методиј“ во Скопје;
- кандидатката има искуство во наставно-образовната дејност како асистент по Ликовна уметност;
- кандидатката реализирала повеќе самостојни изложби и била дел од повеќе групни изложби во нашата земја и надвор од неа;
- кандидатката има професионално искуство од областа на визуелната уметност, со активности во земјата и странство;
- кандидатката има признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјата, како и способност за наставна работа.
- кандидатката има искуство од проектниот менаџмент;
- кандидатката доставила доказ за понавање на англиски јазик;
- Кандидатката има познавање на компјутерски вештини потребни за областа на дизајнот;

- кандидатката м-р Ана Трајковска ги исполнува условите за избор во **наставно-научно звање доцент по група стручно – уметнички предмети од областа Ликовна / визуелна уметност (6.04.00.01 - Фраскатиева класификација).** Стручно-уметничките предмети се определени со студиската програма на Факултетот за арт и дизајн.

9. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

На распишаниот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научно звања по група стручно–уметнички предмети од областа **Ликовна / визуелна уметност** на Факултетот за

арт и дизајн при Европски универзитет, Скопје, 1 извршител објавен на 21.05.2026 во весникот „Вечер“, се пријави една кандидатка **м-р Ана Трајковска.**

Од горенаведените податоци и по разгледување на поднесените документи од страна на кандидатката, согледувајќи го нејзиното стекнато високо образование, наставно-образовната, стручно-уметничка и стручно-апликативна дејност, кандидатката **м-р Ана Трајковска** ги исполнува критериумите за избор во наставно-научно звање Доцент по група стручно–уметнички предмети од областа **Ликовна / визуелна уметност**, согласно член 114 став 4 точка 7, член 167, член 172 од Закон за ВИСОКОТО образование (Службен весник на РСМ" бр.82/2018; 1542019; 76/2020; 178/2021; 58/2024; 124/2025).

Рецензентската комисија ги зема предвид сите аспекти на стручно-уметничкиот и академскиот профил на кандидатката, вклучувајќи го нејзиното образование, педагошкото искуство, активното учество во уметничкиот живот, меѓународното присуство, куративната дејност, признанијата и наградите, и целокупниот придонес кон развојот на ликовните уметности во Република Северна Македонија. Сите наведени елементи, согледани заедно, формираат заокружен профил на кандидатка со значителен потенцијал и докажан квалитет, способна да ги извршува задачите и обврските поврзани со наставно-научното звање доцент на академска институција.

Врз основа на сите изнесени факти и аргументи, Рецензентската комисија заклучува дека изборот на м-р Ана Трајковска во наставно-научно звање доцент по група стручно-уметнички предмети од областа Ликовна уметност и дизајн би претставувал вреден придонес кон наставниот кадар на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет. Нејзините компетенции, комбинирани со докажаниот ентузијазам за педагошка работа, меѓународната уметничка афирмација и организациско-менаџерското искуство, ја позиционираат кандидатката м-р Ана Трајковска како квалификуван и соодветен избор за предложеното наставно-научно звање.

Согласно на горенаведеното, Рецензентската комисија има задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при Европскиот универзитет, Скопје да ја избере кандидатката м-р Ана Трајковска во наставно-научно звање Доцент по група стручно–уметнички предмети од областа **Ликовна / визуелна уметност 6.04.00.01 - Фраскатиева класификација)**, на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет Скопје согласно член 114 став 4 точка 7, член 167, член 172 од Закон за ВИСОКОТО образование (, Службен весник на РСМ); бр.82/2018; 1542019; 76/2020; 178/2021; 58/2024; 124/2025.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Редовен професор м-р Благојче Наумоски, претседател

Редовен професор д-р Славица Јанешлиева, член

Редовен професор д-р Гордана Вренцоска, член